**20101292645**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/09), член 9 став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/09), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/06 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.09.2010 донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2010 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2010 , 11/2010, 26/2010, 39/2010, 61/2010, 74/2010 и 94/2010) во делот II во табелата по потточката 1.15 се додаваат две нови потточки: 1.16 и 1.17 кои гласат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.16 | Финансиска поддршка за семејни земјоделски стопанства за произведно и продадено грозје во регистрирани домашни винарски визби | -за произведено и продадено грозје во регистрирани домашни винарски визби од семејните земјоделски стопанства до 15.11.2010 година | - 2 ден/кг |
| 1.17 | Финансиска поддршка за намалување на залихи на вино и поддршка за откуп на грозје | - за откупено винско грозје во 2010 година и тоа најмалку 65% во споредба со откупените и преработени количини од кооперанти во 2009 година | - 5,7 ден/кг откупено грозје од кооперанти во 2010 година, и тоа за количините кои се од 65 до 100% во споредба со откупените и преработени количини од кооперанти во 2009 година, - 4,4 ден/кг откупено грозје од кооперанти во 2010 година, и тоа за количините кои се од 100 до 150% во споредба со откупените и преработени количини од кооперанти во 2009 година |

2. Во дел VI став 4 по бројот „1.14“ се додаваат два нови броја: „1.16 и 1.17“.

3. Во дел VIII став 1 по точката се додава нова реченица која гласи: „Во случај кога средствата од потточките од програмата за 2009 година во надлежност на реализација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не се исплатени, истите Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги исплати врз основа на претходно доставено писмено известување од страна на министерството за корисниците и износот на средства кои треба да се исплати“.

4. Во делот IX во став 1 алинеја 1 по бројот „1.10“ се додаваат зборовите „и потточката 1.17“. По алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи: „потточката 1.17 каде право за користење на финансиски средства имаат винарски визби кои се запишани во Регистарот за производители на вино (согласно Законот за вино, „Службен весник на Република Македонија” бр.50/2010), имаат откупено винско грозје во 2010 година и тоа најмалку 65% во споредба со откупените и преработени количини од кооперанти во 2009 година (не земајќи ги во предвид количините на преработеното грозје од сопствено производство).

5. Во делот XI во став 3 на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат следните зборови: „крајниот рок за поднесување на барање за потточката 1.16 е 15.11.2010 година, а за потточката 1.17 е 30.11.2010 година“.

6. Во делот XV став 2 алинеи 2, 3 и 4 по зборот „барањето“ се додаваат зборовите: „за секоја потточка одделно“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-5706/1
21 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.